## 5. ТОПОНИМИ ВО ЛЕШОЧКИОТ АТАР

Во овој текст ќе ги изнесам само одреден број на топоними и места во Лешок, кои сум ги запамтил, лично сум ги видел и чул од постарите од мене или сум ги доживеал. Најповеќе за местата сум слушал од татко ми Живко и од мајка ми Јорданка.

Многу места и поими ги слушав и од баба ми Цвета, па, од дедо Андро и дедо Ѓиго, дедо Симче Момировски Мула, кои биле војници во Бугарија заедно со дедо ми во Првата светска војна, од дедо Зако Момироски, како и од многу други.

Топонимите во селата во Долни Полог најдобро ги обработуваат и опишуваат Петрушевски Илија и Николина Петрушевска во книгата Зборник на топоними на североисточниот дел на Долни Полог (извор: ред.бр. 18).



( фото: Митко Спироски, Март, 2009,. Поглед на Лешок кон Шара со врвовите Плоча и Три Воде од Полог )
( photo: Mitko Spiroski, March ,2009 View of Lesok to Shara with hills Ploca and Tri Vode - Polog )

Во подолу наброените топоними, се среќаваат имиња на ниви, од кого ги купил Манастирот или нивите му биле подарени, па, така и некои од имињата се среќаваат во генеалогијата на родовите: Главинова нива односно Главинои-Лалошои, Лалошова нива-Лалошоој, Китанова нива-Лалошој, Дабево-Дабоќеej, Љубево-Ќапункooj, Јанчево-Прљакooj, кои го опишува Илија Петрушевски во книгите Лешек и Лешок ( извор: ред. бр. 19 и 20 ).



(Фото: Митко Спироски, мај 2005 година, Лешочка река )
(Photo: Mitko Spiroski, May,2005, Lesok's river )

## ПРЕГЛЕД
на топоними и места во атарот на Лешок

| | | |
|---|---|---|
| Аљаљоска воденца | Кајчеец | Срански дол |
| Аништа | Карапанџоски ливаде Каса | Старо маало |
| Бакар маало | Китаноа нива | Стар Манастир |
| Бафче | Кисела вода-Бања | Стари Гробишта- |
| Бања | Кисела вода-Млака | Св. Харалампије |
| Бељимен | Клетишта | Стари Гробишта- |
| Бензинска пумпа | Коштање | Св. Никола |
| Болница | Коачница | Старо збирало |
| Брезјански мост | Костоо | Стопанство-Блок |
| Брезјански пут | Лалошоој коштање | Теаречки пут |
| Буљино | Љешечки лозја | Тенеќе маало |
| Бучејца | Љешечка река | Тесен пут |
| Варварски пут | Лешочки Манастир | Топољике |
| Враварски коштање | Лешок | Трансформаторот |
| Весоа воденца | Легенград | Треќа прескакалица |
| Весооj коштање | Леске | Тумба |
| Вртишта | Љешек | Форчео меанче |
| | Софроој коштање | Фтора прескакалица |
| Гавраноец | Манастирски ливаде | Црква Св. Богородица-Горно |
| Габер | Манастирско лозје | маало |

| | | |
|---|---|---|
| Гладница<br>Глајноа нива<br>Горно маало<br>Гробишта-Долно маало<br>Глигуроа воденца<br>Гушаец<br>Гумно<br>Дебранчео<br>Долно маало<br>Два бреста<br>Ѓеноф камен<br>Жељезничка станица<br>Задруга<br>Заградско<br>Збирало<br>Јанчишка цеста<br>Јастребоа карпа<br>Јасреej коштање<br>Јанеско<br>Једоаречки пут<br>Јулица<br>Качоски љиваде<br>Каље<br>Кадриино | Марков камен<br>Миљиционерска станица<br>Млака<br>Морска врба<br>Нови Гробишта-<br>Св. Ѓорѓија<br>Општина<br>Пауноски љиваде<br>Петрејчина ливада<br>Пефчина<br>Плоча<br>Појатишта<br>Преслап<br>Прва Прескакалица<br>Попооj јасике<br>Првини мост<br>Пруга<br>Рашче<br>Ратаечки пут<br>Репушник<br>Рупа<br>Сандароски љиваде<br>Солишта<br>Спирооj коштање | Црква Св.Атанасие-Стар<br>манастир<br>Црква Св. Кирил и<br>Методие- во Конакот<br>Црква Св. Атанасие-Нова<br>црква<br>Црква-Св..Петка<br>Црква- Св. Димитрија<br>Црква Св. Врача<br>Црква Св. Ѓорѓија<br>Црква Св. Илија-Долно<br>маало<br>Црква Св. Богородица-<br>Долно мало<br>Црква Св. Марена<br>Црква Св. Никола<br>Црница<br>Ќулечио<br>Чешма-Три дуљка<br>Чифлик<br>Царе<br>Школо<br>Шурлеа купина |



(Фото: Митко Спироски,ноември 2006, Јастребоа карпа над Карапанџоски ливаде во месноста Солишта ( Албанците од Слатина го викаат Калипица) лево од Лешочката река)
(Photo: Mitko Spiroski, november,2006, Jastreb's crag above Karapandza's fields in the region Solista ( Albanians from Slatina call it Kalipica) on the left of the Lesok's river)

Многу топоними во Лешок и 14 соседни села од Долни Полог се опишани во Книгата Лешок и соседните села, издание на Здружението Лешок во 2005 година ( извор: ред. бр. 2 )




(фото: Митко Спироски,Лешок, Кале, мај 2009,Славица и Искра Спироски, садат трендафили )
(Photo: Mitko Spiroski, Lesok, Citadel, May 2009, Slavica and Iskra Spiroski are planting roses )

Некои од топонимите и места лично не сум ги видел, но, за нив сум слушал од постарите луѓе од Лешок на разни средби и прилики, сум ги запаметил и истите ги забележувам. За местата и топонимите во Лешок имам напишано посебен текст во книгата која е во припрема: ЛЕШОК ВО МОЕТО СРЦЕ И ДУША ( извор: ред. бр. 131 ).




( Фото: Митко Спироски, Јуни 2009, Новата чешма, направена 2008, на киселата вода на Бања)
( Photo: Mitko Spiroski, June,2009, The new fountain, building 2008, of the mineral water of Banja-Health resort)

Во книгата ЛЕШОК ВО МОЕТО СРЦЕ И ДУША давам мои кратки видувања и доживувања за секој топоним во Лешок, со цел да го објаснам и попластично да го прикажам на идниот читател секој топоним како сум го доживеал како дете и повозрасен, при што во овој текст погоре набројувам само некои топоними.